**INTERNATIONAL CONFERENCE FOR REGIONAL COLLABORATION**
**OSH ACCORD**
www.balkanoshconference.org

OSH ACCORD
KOS
BALcanOSH.net 2018

## ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА
## БЗР АКОРД 2018

*Светот во кој живееме и работиме се менува од секој аспект со неверојатна брзина и на различни начини речиси секој ден. Правилата за живеење и работа добиваат нови вредности кои многу често се следени и разбрани од луѓето. За подобрување на перформансите на здравјето и безбедноста на работното место и стимулирање на практични и ефективни превентивни активности потребно е постоење на мрежа, на компетентни и способни професионалци и практичари. Знаењето и вештините за безбедноста и здравјето при работа, со кое тие располагаат, мора да бидат стекнати врз основа на научни и технички концепти.*

*Постојат цврсти докази од други професии што ја покажуваат вредноста на искористување на заедничка глобална рамка за пракса, која е за утврдување на точно дефинирани и конзистентни стандарди или атрибути, кои се неопходни за компетентно извршување на професионалните улоги. За да биде ефективна една заедничка глобална рамка за пракса, таа мора да биде добро препозната и прифатена од професијата, владата и бизнисите.*

*Како професионалци и експерти за БЗР - како референца и основа за ГАП анализа однос на нашата професионална пракса и развој на кариерата, треба да помогнеме во развојот на континуираните планови за професионален развој со цел се осигуриме дека сме способни и компетентни.*

За таа цел, Македонското здружение за заштита при работа, Ве известува дека ќе организира заедничка посета на сите заинтересирани од Македонија за присуство на ЧЕТВРТАТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА која ќе се одржи во хотел “Емералд “Приштина, Косово во период од 01-03.11.2018 во склоп на одбележување на Европската недела за безбедност при работа.



**Тематски подрачја кои ќе бидат опфатени на Конференцијата:**

- Подобри професионалци за БЗР – подобри услуги за БЗР
- Управување со опасни супстанци
- Градење здрави и безбедни генерации
- Евиденција на податоци

**Програмски одбор:**

- **Др. Агим Шаќири,** Европски Универзитет “Dukagjini”, Печ- Косово
- **Др. Изет Шеху,** Бизнис Колеџ, Приштина - Косово
- **Др. Џемаил Зекир,** Универзитет Митровица, Митровица - Косово
- **Др. Хамит Нуредини,** Универзитет Митовица, Митовица - Косово
- **Др. Шакири Кабаши,** Бизнис Колеџ, Приштина - Косово
- **Др. Џеват Бериша,** Бизнис Колеџ, Приштина - Косово
- **Др. Рифат Лила,** Бизнис Колеџ, Приштина - Косово
- **Др. Изет Зекири,** Универзитет Митровица, Митровица - Косово
- **Др. Рушит Халити,** Универзитет Митровица, Митровица - Косово
- **Др. Проду Сечерова,** Главна канцеларија Белград - Србија
- **Др. Јасмина Манџгаљ,** Директор на Главна канцеларија Белград – Србија
- **Др. Менсуд Грбович,** Заменик Министер на Црна Гора
- **Др. Санин Џидич,** УСАИД, Босна и Херцеговина
- **Др. Рамо Куртанович,** ИНЗА Груп, Босна и Херцеговина
- **Др. Кристач Џино,** Факултет за Математички науки, Тирана – Албанија
- **Др. Андон Граждани,** Факултет за рударски инжинери, Тирана – Албанија
- **Др. Зденко Јанкович,** Техно – Контрол, Црна Гора
- **Др Јасмина Чалоска,** Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје, Машински факултет, Македонија
- **Др. Златко Петрески,** Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје, Машински факултет, Македонија
- **Др. Александар Гроздановски,** Меѓународен Славјански Универизтет, Свети Николе, Македонија
- **Др. Дејан Мираковски,** Универзитет „Гоце Делчев – Штип, Македонија

Апстрактите на трудовите треба да бидат доставени во електронска форма на електронска пошта: kosova.osh@gmail.com најдоцна до 26 септември 2018 година.

*Апстрактот не треба да биде поголем од 100 зборови и треба да ги содржи главните цели и обемот на истражувањето, методологија, сумираните резултати и главни заклучоци. Текстот на апстрактот треба да биде во Times New Roman, 10 pt, justified. Авторите ќе бидат известени до 01 октомври 2018 година за прифаќање на трудот.

Целосниот труд, напишан според упатствата за пишување на трудови, треба да се достави на електронска пошта: kosova.osh@gmail.com најдоцна до 08 октомври 2018 година.

Со трудот Ве молиме да ја поднесете вашата контакт адреса, телефон и e-mail.

Најдобрите прифатени трудови ќе бидат објавени во Зборник на трудови.

Официјални јазици на конференцијата се албански и англиски јазик, така што трудот треба да биде изработен на еден од официјалните јазици.

Согласно новиот Правилник за начин и бодување на активно и пасивно учество на обука во странство на стручните лица за безбедност при работа, ќе им бидат доделени **10 бодови по ден за пасивно учество или 20 бода за активно учество** за секое стручно лице кое ќе присуствува на конференцијата, согласно овластувањето на Македонското здружение за заштита при работа со број 08-3608/34 од 15.09.2015 година доделено од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Конференцијата е оригинален и уникатен настан кој истовремено вклучува едукација, истражување, искуство, идеи, култура и традиција.

Котизација за учество на истата изнесува **19.840,00 денари**.

**Во цената е вклучено:**

- 2 полни пансиони, конференциски материјали - Таблет, влез на сите организирани настани во склоп на конференцијата и објава на труд.

Во цената не е вклучен превозот.

***Отворена е можноста за обезбедување на заеднички превоз, кој би бил на располагање за целиот престој во Косово. Цената за истиот зависи од бројот на пријавени лица за оваа услуга.***

За дополнителни информации контактирајте не на електронската пошта

kontakt@mzzpr.org.mk

тел. **02 2 774 868** или **075 432 031**

***Во очекување на Вашиот одговор Ве поздравуваме!***
***Краен рок за пријавување на учество е 15 октомври 2018 година.***

*Отворена е и можноста за приклучување на нови ко-организатори од Македонија.

МЗЗПР/MOSHA